# ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

# ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

# УЧЕБНА 2024 / 2025 ГОДИНА

| **НАСТАВНИ ТЕМИ** | |
|---|---|
| 1. СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | 70 часа |
| 2. ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | 50 часа |
| 3. ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ  И ТВОРЕЊЕ | 50 часа |
| 4. МЕДИУМСКА КУЛТУРА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ | 10 часа |
| **ВКУПНО** | 180 часа |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК |
| **Вид / категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | I – ПРВО одделение |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | 1. Слушање и зборување<br>2. Почетно читање и пишување<br>3. Литература, изразување и творење<br>4. Медиумска писменост и медиумска култура |
| **Број на часови** | 5 часа неделно / 180 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ✓ Табла, компјутер.<br>✓ Предмети со геометриски и други форми од кои може да се состават буквите од македонската азбука и некои интерпункциски знаци.<br>✓ Еластични стапчиња за креирање правилни и неправилни дводимензионални форми.<br>✓ Глина, пластелин и алатки за нивно моделирање во разновидни тродимензионални форми.<br>✓ Песочни табли/кутии за цртање и пишување.<br>✓ Бело платно и светилка, разнобојни платна, штофови, конци, волници и друг материјал за кукли, марионети, костими и разни реквизити.<br>✓ Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>✓ Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки).<br>✓ Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници.<br>✓ Анимирани филмови, аудиовизуелни записи од театарски претстави, интернет образовни софтвери, други аудиовизуелни средства и други средства во зависност од целта (звучна читанка, дигитални сликовници). |

**ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ**

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

**Подрачје:** ***Јазична писменост***

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со другите јазици; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

**Подрачје:** ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и култура.***

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки. |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| | насилството и да се спротиставува на него; |
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставно подрачје : СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ** | Време на реализација 70 часа |
| **Изготвиле:** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ води краток разговор со други;
- ✓ прераскажува и раскажува кратки слушнати текстови, употребувајќи различни видови реченици
- ✓ опишува она што го видел/видела во дадена ситуација;
- ✓ користи невербална комуникација соодветно на ситуацијата.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Поздравување, претставување и обраќање**<br><br>(добро утро, добар ден, добра вечер, довидување, здраво, пријатно, јас сум..., благодарам, повелете, извинете, молам). | Се претставува себеси<br><br>(име и презиме, што сака/што не сака да прави). | 3 | •Игра за меѓусебно запознавање (прв училишен ден)<br>Учениците седнати во круг, еден по еден го кажуваат своето име и презиме. Наставникот го запишува името на беџ, а сите ученици го поздравуваат ученикот со повторување на неговото/нејзиното име. Секој ученик си го става беџот на блузичката/околу вратот.<br>•Наставникот потоа ги кажува имињата на сите ученици и ги повикува да кажат нешто за себе - како се чуствуваат на првиот час, дали познаваат некое другарче во одделението и сл. | Беџ за секој ученик<br><br>фломастер | Усни одговори на учениците<br><br>Го кажува своето име и презиме/се претставува себеси |
| | | | •Игра со топче. Учениците се поставени во круг.<br>Наставникот ја започнува играта и го подава топчето кон еден ученик. Пред да го подаде кажува нешто за себе - што сака да го прави. **Пр.** Сакам да играм кошарка. Ученикот кој го фаќа топчето мора да го повтори името на тој што му го даде и што сака да прави (наставничката сака да игра кошарка). Играта продолжува со додавање на топчето кон друго дете.<br>•Играта се повторува, но топчето не треба да се додаде на истото дете од претходната активноста и сега се искажуваат што не сакаат | топче | Усни одговори на учениците<br><br>Се искажува што сака/што не сака да прави |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | да прават/јадат/играат и сл. | | |
| | | | •Учениците носат по 1-2 семејни фотографии(кога биле бебе, од некој роденден, семејна средба, игра со другарчиња и сл)<br>Ги покажуваат сликите и се искажуваат:<br>• Ова бебе на фотографијата сум јас. Како бебе многу плачев, бев спанко и сл...<br>• На ова фотографија имам 5 години. Тогаш бев на одмор во...<br>•Учениците се искажуваат што можеле да прават кога биле мали, а што  сега на  6, 7 години.<br>•Дискусија- Што би сакале да правите кога ке пораснете?<br>(Меѓупредметна корелација со активности со наставен предмет општетсво- Тема: Јас како дете)<br>•Учениците цртаат што сакаат да бидат кога ќе пораснат.(меѓупредметна корелација со ликовно образование) | Семејни фотографии<br><br>Тетратка без линии<br><br>боички | Усни одговори на учениците во дискусија<br><br>Се искажува што можат сега  да прават и што би сакале да прават кога ќе пораснат |
| | Започнува разговор со поздравување и обраќање (формално и неформално).<br><br>Соодветно ги користи во реченица изразите за учтиво обраќање (благодарам, повелете, извинете, молам). | 3 | •Учениците внимателно следат читање на текст„ Волшебни зборови“- Н. Зекирија од страна на наставник или слушање од следниот линк [https://www.youtube.com/watch?v=r9kI82vzTJw](https://www.youtube.com/watch?v=r9kI82vzTJw)<br><br>ВОЛШЕБНИ ЗБОРОВИ<br>Орхан е малечок и затоа баба му го учи:<br>- Мораш да ги научиш волшебните зборови!<br>- Зарем постојат такви зборови?<br>- Да, тоа се: ве молам, благодарам, повелете, простете, извинете... Секој од овие зборови е волшебен.<br>- Ти благодарам, бабо, што ме научи!<br>Баба му се насмевна. Орхан го научи првиот волшебен збор, а не забележа.<br>Неџати Зекирија<br><br>•Одговараат на прашања и се искажуваат кои зборови за волшебни.<br>*добро утро, добар ден, добра вечер, довидување, здраво, пријатно,  јас сум..., благодарам, повелете, извинете, молам*<br>• Зошто ги викаме волшебни зборови?<br>• Колку често ги употребуваш овие зборови во комуникација?<br><br><br>•Учениците разгледуваат слика/ работен лист, наставникот ги чита речениците во кои е искажано учтиво обраќање. Учениците се искажуваат што се случува, а обојуваат  квадратче каде точно е прикажано обраќањето. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Звучници<br><br>Слика<br><br>Работен лист | Усни одговори на прашања<br><br>Разговара со примена на изрази за учтиво обраќање |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Активности - Културно однесување(учебник стр. 20) - се искажуваат по сликите и кога/како се употребуваат реченици изрази за културно обраќање *или*<br>•Активности од учебник за 1 одд од повеќе автори(Е.С, Ј.СТ.Н, А.М- стр. 25). Учениците следат презентација со дијалог на две другарчиња<br>• Ех, сум ја заборавила гумата! Како да го замолам другарчето за гумата?<br>• Те молам, ќе ми ја позајмиш твојата гума за да избришам, бидејќи сум ја заборавила мојата?<br>• Повели!<br>• Благодарам!<br>• Повели другпат!<br>(Позајмување на ножица, тетратка, лист од блок...)<br>•Симулација на игри - Играње улоги - (вежбаат поздравување, замолување, извинување и заблагодарување).<br>• „Во продавница“, ,<br>• „Телефон,“<br>• „На роденден“ и сл<br>•*Активноста може да се изведува за време на слободни изборни активности или продолжен престој.*<br>*Во литература ке се обработува песната- како поздравувам-стр. 24* | Учебник стр. 20<br>Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла<br>2 телефони<br>Завиткана кутија како подарок<br>Импровизирана продавница | Усни одговори<br>Учество во групни активности<br>Практични изведби поврзани со стандардот за оценување |
| | | | •Учениците посетуваат вработени во училиштето (педагог, психолог, директор) при што започнуваат формален разговор со поздравување и обраќање. Потоа неформално си разговараат меѓусебе за посетите.<br>•*Меѓупредметна интеграција* (Општество - запознавање со вработените во училиштето) | | Поставување на прашања<br>Усни одговори |
| | | | •Учениците се запознаваат со прашалните зборови кои често ги користиме кога сакаме да дознаме нешто и прашуваме.(*кој, кога, каде, зошто, дали, колку*...)<br>На видливо место се истакнати различни предмети од училницата, ученичкиот прибор, играчки и сл. | различни предмети од училницата, ученичкиот прибор, играчки | Практични изведби поврзани со |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Водење краток разговор**<br><br>разговор, прашање, одговор, реченица | Поставува прашања со целосни реченици.<br><br>Одговара на прашања со целосни реченици. | 3 | •Наставникот ги охрабрува учениците да изберат по еден предмет и да се обидат да постават прашање за него.<br>**Пр.** Избира молив и поставува прашање:<br>• Зошто служи моливот?<br>• Како се вика овој предмет?<br>• Каква боја има моливот? и сл<br>Ученикот кој ќе даде одговор потоа поставува прашање. Наставникот помага учениците да се искажуваат со целосна реченица. | и сл | стандарди за оценување<br><br>- поставува прашања со целосна реченица<br><br>Одговара на прашања со целосна реченица<br><br>Учество во групни активности |
| | | | •Активности во парови- **„ Во улога на ...“**<br>Учениците следат насоки за изведување на активностите со избор на улогата која сакаат да ја играат и како да поставуваат/одговараат на прашањата.(наставникот помага/насочува правилно да постават прашање/да дадат одговор со целосна реченица.<br>**Во улога на продавач/купувач – „На пазар“**<br>• Колку чинат пиперките?<br>• Колку пиперки има во 1 килограм?<br>**Во улога на славеник/ гостин„Покана за роденден“**<br>• Каде ќе биде роденденот?<br>• Каква торта имаш?<br>• Колку години ќе полниш? | Импровизиран пазар | |
| | | | • Учениците разговараат во парови за своето семејство, при што си поставуваат и одговараат на прашања во врска со бројот на членовите на семејството/заедницата, нивното сродство и нивните имиња. (*меѓупредметна кореалција со опитество)* | Слики учебник | |
| | Учествува во разговор на теми од негов интерес<br><br>(училиште, семејство, дом, другари, слободно време, игри). | 3 | •*Меѓупредметна корелација со содржини и активности по опитество*(тема- Јас како дете, Јас како ученик, Мојот дом<br>•Активности во парови, мали групи<br>• Моето училиште- убаво и чисто( изработка на постер со сликички)<br>• Разговор со членови од семејството(заедничка активности со родители и деца)<br>• Денес ни е ден за игра - која игра сакаме сите да ја играме?<br>•Извлекување заклучоци зошто е важно да се занимаваме со нешто | Копмјутер<br>Проектор<br>Табла<br>Сликички<br>Хамер<br>Спортски реквизити | Усни одговори на праања од дискусија<br><br>Активно учество во активности |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | што сакаме, што гопредизвикува нашиот интерес во слободното време. | | |
| **Изговор на гласови**<br><br>(глас). | Правилно изговара различни гласови во различни позиции на зборовите. | 8 | •Игровни активности за правилно изговарање на зборови кои содржат гласови кај кои учениците почесто имаат проблем со правилен изговор<br><br>Глас Ш <br><br>• Шшш, нешто силно шушка,<br>Шшш, во копшница се мушна<br>Што ли тоа шушна се прашува Саше?<br><br><br>Глас Л - Каде го слушаш гласот Л- лук, лале, стол<br>Од „волшебна торба“ наставникот влече илустрација, играчка или друг предмет чие име започнува, завршува или содржи одреден глас<br><br>Глас Р - Ајде да откриеме во кои зборови од текстот го слушаме гласот Р. Штом го слушнеш ,плесни со дланките. <br><br>Глас С - Да ја наполниме торбата со зборови кои го содржат гласот С. <br><br>•Учениците извлекуваат картички со слики и правилно ги изговараат зборовите. Наставникот кажува одреден глас од збор, а ученицте треба да се искажат на која позиција се наоѓа(почеток, средина или крај)<br>•Активности за правилна артикулација на глсоави(З, Љ, Ж и др. За кои наставникот ќе воочи дека има потреба да се увежбуваат преку зборвини и игровни активности) | Картички со слики<br><br>Работен лист за учениците<br><br>Проектор<br><br>Компјутер<br><br>Звучници<br><br>Презентација<br><br>Тетратка без линии<br><br>Боички<br><br>Учебник | Усни одговори на прашања<br><br>Правилно изговара одредени гласови во различни позиции на зборовите<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |
| | | | Учениците во парови кажуваат брзозборки/бројалки наизменично ги повторуваат додека не ги научат. | Книга со брзозоборки<br>Компјутер | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | презентација | |
| **Групирање зборови**<br><br>(збор). | Именува **предмети,** суштества и растенија и ги групира според конкретно својство и ги означува со општи поими. | 1 | •На повеќе **предмети** во училницата стојат картички со имиња- на таблата е залепен збор табла, картичка залепена на шкаф, столица, прозорец и сл. Учениците се искажуваат за предметите и во воочуваат зборот со кој е запишано името на предметот.<br>Учениците избираат еден предмет од својот училишен прибор, од училницата. Го именуваат и се искажуваат за што служи.<br>•Се формираат групи според заеднички својства. **Пр.** На едно места застануваат ученици кои имаат избрано предмети од училишен прибор(молив, гума, линијар,режало...), друга група се ученици кои избрале некој предмет од училница( креда, сунгер, саксија, книга и сл), трета група доколку избрале некоја играчка и сл.<br>•Се изведува заклучок за поимот предмет- секој предмет има свое име.<br>•Игра- На буква, на буква- Погодуваме предмет | Предемти од училницата<br><br>Училишен прибор<br><br>играчки<br><br>Картички со зборови | Усни одговори на прашања<br><br>Именува предмети, растенија, животни<br><br>Групира предмети, растенија, животни според конкретно својство и ги означува со општи поими.<br><br>Учество во групни активности<br><br>Практични изведби поврзани со стандадрите за оценување |
| | Именува предмети, **суштества** и **растенија** и ги групира според конкретно својство и ги означува со општи поими. | 2 | •Учениците од кутија извлекуваат картичка со слики од некој **зеленчук**.<br>Наставникот чита гатанки( учебник за 1 одд. од повеќе автори стр. 30). Учениците погледнуваат во своите картички и според гатанката треба да откријат за кој плод се работи. (Црвен е по боја, кисел по вкус, салата го прават и доматен сос). Се јавува ученикот кој има сликичка со домат.<br>•Наставникот чита драмски текст „ Во зеленчукова градина“.“(Учебник за 1одд. Од повеќе автори, стр. 31)<br>Учениците се искажуваат по прашања:<br>• Каде се случува приказната?<br>• Кои се главни ликови?<br>• Кој лик ти се допадна најмногу?<br>•Извлекуваат заклучок- Зеленчукот расте во зеленчукова градинаа и секој плод има свое име.<br>Илустрираат зеленчуковите плодови со тетратка без линии, блок за скицирање.<br>• (*Може да изработуваат зеленчукови плодови од пластелин -* | Кутија<br><br>Сликички со зеленчукови плодови<br><br>Книга со гатанки<br><br>Учебник<br><br>Тетратка без линии<br><br>Боички<br><br>пластелин | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *меѓупредметна корелација со ликовно образование или за време на слободни изборни активности/продолжен престој)- до секој лод се запишува збор(од наставник/ученик кој знае да пишува со цел учениците да го воочат зборот)* | | |
| **Групирање зборови**<br><br>(збор). | | | •Учениците од кутија извлекуваат картичка со овошје и зеленчук. Ги издвојуваат сликичките со **овошни плодови** на една страна. Секој учениик избира по една картичка и го именува плодот на сликата, го опишува по изглед, вкус и колку често го користи во исхраната.<br>•Игра „Овошки во пар“ учениците се насочуваат да го пронајдат својот пар овошје според некое слично својство- боја, големина, вкус и сл. (пр.цреши и јагоди, диња и лубеница, круша и дуња, кајсија и праска и сл)<br>•Игра: Учениците се поставени во круг<br>Наставникот чита исказ, а учениците ако се согласуваат истапуваат 1 чекор напред.<br>• Во мојот плод има семка.<br>• Мојот плод има кисел вкус....<br>•Извлекуваат заклучок- Овошните плодови растат во овошна градина и секој плод има свое име.<br>Учениците слушаат кратка стихотворба„ Кој што сака“(Говор во слики, зборови и игри - Олга Синадиновска , стр. 28) за овошните плодови. Хорово ја повторуваат заедно со наставник.<br>•(*Може да изработуваат овошни плодови од пластелин - меѓупредметна корелација со ликовно образование или за време на слободни изборни активности/продолжен престој)* | Кутија<br><br>Сликички со овошни плодови<br><br>Учебник<br><br>Тетратка без линии<br><br>Боички<br><br>пластелин | Усни одговори на прашања<br><br>Именува предмети, растенија, животни<br><br>Групира предмети, растенија, животни според конкретно својство и ги означува со општи поими.<br><br>Учество во групни активности |
| | Именува предмети, **суштества** и растенија и ги групира според конкретно својство и ги означува со општи поими. | 2 | <br>•Учениците се насочуваат на внимателно слушање на текст„ Кој е поважен“- (*учебник за1 одд од повеќе автори*- стр.49 )<br>•Учениците во парови добиваат слика со неколку **домашни животни.** Додека чита наставникот тие треба да ги заокружуваат животните кои ќе ги сретнат во текстот.<br>• Кои животни ги сретнавме во текстот? | Учебник<br><br>Слика со домашни животни<br><br>Ножици | Практични изведби поврзани со стандадрите за оценување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групирање зборови**<br><br>(збор). | Именува предмети, **суштества** и растенија и ги групира според конкретно својство и ги означува со општи поими. | | • Што знаете за секој од нив?<br>• Кои животни не ги сретнавме, а ги има во вашиот работен лист?<br>•Учениците ги сечат/лепат сликичките со домашни животни и ги групираат по одредени критериуми<br>- Се хранат со трева - несат јајца<br>- Даваат млеко - даваат месо и сл.<br>•Извлекуваат заклучок- Домашните животни се корисни за човекот – секое домашно животно има свое име. | Лепило<br><br>Лист од блок | Усни одговори на прашања<br><br>Именува предмети, растенија, животни<br><br>Групира предмети, растенија, животни според конкретно својство и ги означува со општи поими.<br><br>Учество во групни активности<br><br>Практични изведби поврзани со стандадрите за оценување |
| | | | •Учениците од кутија извлекуваат картичка со животни. На една страна застануваат учениците кои имаат картички со домашни животни и ги именуваат.<br>Од друга страна застануваат ученици со диви животни и животни од други краеви во светто. Самостојно или со помош ги именуваат. Наставникот може да подготви презентација со сликите со **диви животни** и животни од различни средини.<br>•Учениците погодуваат гатанки за животните.<br>•Учениците ги сечат сликичките со диви животни и ги групираат по одредени критериуми:<br>- различни животни средини<br>- се хранат со растенија<br>- се хранат со месо и сл.<br>•*Предлог активности за слободни изборни активности/продолжен престој*- Учениците внимателно слушаат изразно читање на драмски текст „ Огледалце“. Се подготвуваат маски за драматизација(зајак, вевравица, птица, 2 големи и 2 мали мечиња) | Кутија<br><br>Слика со диви животни<br>Презентација<br>Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла<br>Книга со гатанки<br><br>Ножици<br><br>Лепило<br><br>Лист од блок | |
| | Именува предмети, суштества и растенија и ги групира според конкретно својство и ги означува со општи поими. | 1 | •Учениците индивидуално добиваат работен лист со предмети, суштетсва(растенија и животни), играчки , облека, спорт и сл.<br>Треба да ги заокружи и именува (усно) со едно заедничко име според нивните својства.<br><br>•Игра- Погоди го зборот„На буква, на буква“, | Работен лист | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td rowspan="4">Слушање кратки и едноставни текстови<br><br>приказна,<br>реклама,<br>најава,<br>краток филм/<br>цртан филм</td>
<td rowspan="4">Одговара на прашања поврзани со слушната содржина.<br><br>Ја објаснува содржината на слушнатиот текст со една-две реченици (резимира).</td>
<td rowspan="4">8</td>
<td>•Учениците следат насоки за внимателно слушање/гледање на народна приказна (соодветна на нивната возраста). Пример: „Разгаленото дете“<br>https://www.youtube.com/watch?v=OQ7-EC-ZmOQ<br>Следуваат прашања, а учениците го повторуваат тоа што го слушнале со имитирање на говорот и одговараат на прашања за проверка колку ја разбрале слушнатата содржина.<br>•Се искажуваат што им се допадна, а што не во приказната и дали ги оправдуваат постапките на ликовите(девојчето, таткото или мајката)<br>•Извлекуваат заклучоци со една -две реченици за содржината.</td>
<td rowspan="4">Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници<br><br>Тетратка без линии<br><br>Боички<br><br>Работен лист</td>
<td rowspan="4">Усни одговори на прашања поврзани со слуната содржина<br><br>Ја објаснува содржината на слушнатиот текст со една-две реченици<br><br>Учество во групни активности<br><br>Практични изведби поврзани со стандадрите за оценување</td>
</tr>
<tr>
<td>•Учениците следат насоки за внимателно слушање на текст/ содржина од :<br>- реклама (интересна и соодветна на нивната возраст и интерес)<br>Пр. Ново битолско чоколадно млеко<br>https://www.youtube.com/watch?v=lDISfN0x0Vw<br>- најава за емеисија за деца, временска прогноза и сл<br>(Најава) Сказните на Биби: „Биби, Боби и непослушното јајце“<br>https://www.youtube.com/watch?v=xXh0sMhTWi0<br>•Учениците се искажуваат дали најавата го привлекла нивниот интерес и што дознаваат до неа.<br>• Дали би сакале да ја проследиме Сказната за „ „Биби, Боби и непослушното јајце“<br>•Дали ќе дознаевете дека има вакава сказна ако не беше оваа најава?</td>
</tr>
<tr>
<td>•Учениците следат насоки за внимателно слушање на текст/ содржина од :<br>- краток филм(документарен или дел од филм соодветен за следење на нивна возраст)<br>•Одговараат на прашања во врска со содржината и извлекуваат заклучоци со една-две реченици.</td>
</tr>
<tr>
<td>•Наставникот пушта кус цртан филм на македонски јазик. Потоа од учениците (поделени во групи) бара да разговараат за содржината на филмот, а еден ученик од секоја група да резимира со една-две реченици што разбрале од цртаниот филм.</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Сказните на Биби**<br>https://rb.gy/xmlzqo<br>**Македонски цртани филмови**<br>https://www.youtube.com/playlist?list=PLvx9bIIbvtr9q1eYoWtd7vpqzpZrZ6FOr<br>(*Анимирани филмови може да се следат и за време на продолжен престој или во слободни изборни активности)* | | |
| | Ги идентификува непознатите или помалку познатите зборови од слушнатиот текст.<br><br>Ги користи новонаучените зборови во реченици кои самиот/самата ги составува. | 2 | •Учениците индивидуално разгледуваат сликовници. Наставникот им чита краток извадок од сликовницата која ја одбираат за читање. Учениците ги идентификуваат непознатите или помалку познатите зборови, а наставникот им го објаснува значењето на тие зборови.<br>Учениците смислуваат реченици со новонаучените зборови во нови реченици и ги кажуваат. | Сликовници<br><br>Работен лист<br><br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава непознати зборови во текст<br><br>Применува новонаучени зборови |
| **Прераскажување, раскажување и опишување**<br><br>прераскажува, раскажува, опишува, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици. | Прераскажува кратки и едноставни текстови кои се слушаат и читаат на часовите. | 9 | •Наставникот чита краток текст, учениците слушаат, а потоа со свои зборови ја раскажуваат содржината на слушнатото.<br>• Наставникот чита сликовница дел по дел и по секј дел поставува прашања за прочитаната содржина на кои учениците одговараат. Откако ќе ја прочита целата сликовница, учениците го прераскажуваат тоа што го запомниле (со потпрашања од наставникот).<br>•Избор на текстови соодветни за возраста може да се направи и од следните книги:<br>**Говор во слики, зборови и игри-** О. Синадиновска<br>**Детето и говорот** – О. Синадиновска, Ц. Ристова, М. Синадиновски | Учебник<br>Сликовници<br>Книга со детски разкази соодветни на возраста | Усни одговори на прашања<br><br>Прераскажува слушнати или прочитани кратки текстови |
| | | | •Учениците индивидуално/парови/мали групи (усно или со крати реченици)раскажуваат приказна по низа од слики.<br>***Предлог активности од учебник за прво одделение***<br>• Се грижиме за природата- стр. 37<br>• Ежот и козата- стр. 39 | Учебник<br><br>Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла | Усни одговори на прашања<br><br><br>Раскажува |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прераскажување, раскажување и опишување** <br><br> прераскажува, раскажува, опишува, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици | Раскажува кратка приказна заснована на низа слики, фотографии, илустрации. | 8 | • Крадач на носови- стр. 48<br>• Малиот рибар- стр. 80<br>• Ена и ранетото пиме- стр. 91<br>• Кума Лиска и телевизорот-стр. 97<br>• Говорна вежба- стр.103<br>• дедтот и двете мечиња- стр. 117<br>• Штурецот и мравките- стр.135<br>***Говор во слики, зборови и игри- О. Синадиновска***<br>• Најубавото јаболко- стр. 22-Трите мечиња<br>• Трите мечиња- стр. 38<br>Активности со сечење и подредување по редослед или смислување на крај на приказна по слики и досцтување на крајот. | Звучници<br><br>Работен лист<br><br>Тетратка без линии<br><br>Ножици<br>Лепило<br>боички | кратка приказна по низа слики, фотографии, илустрации.<br><br>Учество во групни активности |
| | Раскажува сопствено доживување. | 2 | Учениците раскажуваат сопствено интересно доживување. **Пр:**<br>• Најубаво доживување за зимскиот распуст<br>• Како го прославив мојот роденден?<br>Учениците внимателно слушаат народна приказна **Народна приказна**- „Трите мравки“-стр. 128. Се насочуваат да раскажат сопствено доживување кога им помогнале на другарче. | Слики<br><br>Тетратка | Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |
| | Користи различни видови реченици при прераскажување и раскажување. | 3 | •Наставникот чита дијалог.<br>Учениците имаат картички со интерпункциски знаци: точка, прашалник, извичник кои ги креваат во согласност со слушнатата реченица.<br>•Квиз активности со картички со интерпункциски знаци<br>Наставникот кажува реченица, а учениците треба да ја подигнат со знакот сна кој завршува.<br>**Пр.** Колку е часот? (подигаат картичка со ?) | картички со интерпункциски знаци | Одговори на квиз |
| | | 1 | Учениците извекуваат сликичка на која има преставено момче/девојче/мајка/татко/дедо/баба/учител/спортист и сл и се насочуваат да ги опишат по сликата.<br>На празен лист добиваат задача да нацртаат свој лик и да го обојат по своја замисла. Сите цртежи се лепат на таблата и учениците споредуваат кои ликови имаат некоја сличност помеќу себе. | Сликички со луѓе од различна возраст, професии и сл. | Усни одговори на прашања |
| | | | •Учениците ја играат играта „Лов на предмети“; го бараат | Предмети од | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | скриениот предмет во училницата, а потоа пронајдениот **предмет** го опишуваат со свои зборови<br>•Учениците индивидуално избираат по еден предмет од училницата, го опишуваат и ја наведуваат неговата местоположба, користејќи ги зборовите: на, зад, под, во, лево, десно... | училницата<br><br>Тетратка без линии | Опишува лица, предмети, |
| **Прераскажување, раскажување и опишување**<br><br>прераскажува, раскажува, опишува, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици | Опишува врз основа на набљудување (лица, предмети, растенија и животни од училишното опкружување или од семејната средина како и имагинарни/ замислени суштества). | 1 | •Опис на **растение**(овошје, зеленчук, цвеќе)<br>•Учениците се искажуваат по слики на кои се претставени различни видови растенија.<br>Секој ученик избира слика по свој избор, се искажува за што избрал и го опишува со свои зборови.<br>До сликичката има дел за цртање и ученикот го илустрира по своја замисла.<br> | Картички со слики со растенија<br><br>боички | растенија и животни по набљудување<br><br>Активно учество во групни активности |
| | | 1 | Опис на **животно**(домашно, диво, од различна животна средина)<br>•Учениците се искажуваат по слики на кои се претставени различни видови животни.<br>Секој ученик избира слика по свој избор, се искажува за што избрал и го опишува со свои зборови.<br>•До сликичката има дел за цртање и ученикот го илустрира/обојува по своја замисла.<br>  | Картички со слики со животни<br><br>боички | Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |
| | | 1 | •Учениците се насочуваат да замислат некое необично суштество<br>•Го илустрираат, а потоа го опишуваат.<br>Може да го изработат со сечење и лепење на слики и комбинирање на разни животни(пр. глава од едно животно, тело од друго, нозе, раце, перки, крилја)<br>Учениците го именуваат своето животно и се обидуваат да дадат интересен опис за своето имагинарно пријателче.<br> | Тетратка без линии<br><br>Боички | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2 | •Наставникот организира прошетка и набљудување во блиската околина со определена цел (пример: есен, зима, во парк), по што учениците опишуваат што виделе.<br>• Опис на училишниот двор(есен, зима,пролет)<br>• Опис на паркот(по изведен есенски/пролетен излет) | | |
| **Вербална комуникација**<br><br>тивко/гласно, брзо/бавно, умерено темпо на зборување и висина на гласот. | Препознава брзо и бавно, односно гласно и тивко зборување.<br><br>Применува соодветна брзина и висина на тонот при зборувањето во различна ситуација. | 3 | •Игра„ Расипан телефон“- Учениците следат насоки како да го пренесат замислениот збор од наставникот со почитување на правилото(тивко правилно изговарање на зборот-еднаш се шепоти) Дискусија за играта и зошто се направени грешките доколку ги има.<br>•Учениците добиваат работен лист на кој е нацртан еден правоаголник. Следат насоки да цртаат во неговата внатрешност што ќе го слушнат. Наставникот чита текст, реченица по реченица. По секоја реченица сстава време учениците да го нацртаат тоа што го слушаат. Пр.<br>„Со жолта боичка нацртајте круг! Кругот претворете го во црвен цвет! Земете ја зелената боичка и на долниот дел на правоаголникот нацртајте стебленце и околку него тревичка. Горе на цртежот нацртајте сонце со жолта боичка!<br>•Учениците ги покажуваат своите цртежи и се извлекуваат заклучоци дали децата внимателно ги следеле насоките. Зошто имаме различни цртежи? Дали сите насоки беа јасни? Дали зборував брзо/бавно/ тивко/гласно? | Работен лист<br><br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава брзо/ бавно, гласно /тивко зборување.<br><br>Применува соодветна брзина и висина на тонот при зборувањето<br><br>Активно учество во работа во пар/група |
| | | | •Учениците се запознаваат со поимот вербален говор /вербална комуникација.<br>Наставникот преку проектор покажува слики од кои учениците треба да замислат за што разговараат децата и на каков начин комуницираат( пријатен разговор, викање, шепотење и сл. )<br><br><br>•Се опишуваат сликите и се изведува заклучок:<br>• Понекогаш зборуваме гласно, но не треба да викаме;<br>• Викањето предизвикува страв;<br>• Секогаш треба да зборуваме со умерена јачина на гласот;<br>• Зборуваме тивко, понекогаш и шепотиме. Внимавај! Во друштво не е културно да се шепоти! | Учебник<br><br>Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла<br>Звучници<br><br>Работен лист | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Активности во мали групи/парови во практикување на вербален говор. | | |
| | | | •Наставникот пушта снимен глас и тивок говор (или самиот чита кус текст, менувајќи го интензитетот на гласот), а учениците препознаваат дали зборувал брзо или бавно, гласно или тивко.<br>Учениците слушаат брзозборка која наставникот ја повторува неколку пати. Потоа учениците хорово, групно и индивидуално ја кажуваат брозборката.<br>•Учениците во круг кажуваат бројалки кои ги користат при игрите-со брзо, умерено или бавно темпо. | Книга со брзозборки<br><br>Компјутер<br><br>звучници | |
| **Невербална комуникација**<br><br>гестикулации, мимика, движења. | Препознава значења на разни гестикулации, мимики и движења.<br><br>Прави разлика меѓу соодветни и несоодветни гестикулации и движења при изразување. | 1 | •Наставникот преку проектор покажува слики од кои учениците треба да откријат што прават децата, како се чувствуваат, каков израз имаат на  лицето, телото, или какви движења прават.(сликите ги поврзува со маркер со соодветно објаснување(пр. Тишина! Не сакам да слушам! Се согласувам!)<br>  <br>•Учениците се запознаваат со поимот невербален говор /невербална комуникација.<br>Во мали групи во работен лист идентификуваат различни гестикулации/гестови и мимики кои се користат во секојдневните ситуации, а потоа прават разлика меѓу оние кои се навредливи (на пример, плазење јазик) и оние кои укажуваат на поддршка (палец нагоре).<br>•Сечат и лепат сликички во Т табела( соодветно/несоодветно) | компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>работен лист<br><br>сликички<br><br>лепило<br><br>ножици<br><br>лист од блок<br><br>учебник стр. 64 | Усни одговори на прашања<br><br>Активно учество во работа во група<br><br>Препознава соодветни и несоодветни гестикулации и движења при изразување.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Користи гестикулации и мимика како дополнување и/или замена за вербална | | •Наставникот заградува мал простор со столчиња и вели: „Замислите дека јас се наоѓам зад стакло кое не пропушта звук. Вие сакате да ми кажете дека овде нешто многу лошо мириса, но јас не можам да ве слушнам. Како јас да дознаам што вие сакате да ми кажете?“. Децата најпрво кажуваат кој е начинот, а потоа | картички со емотикони | Усни одговори на прашања<br><br>Активно учество во |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | комуникација | 1 | покажуваат адекватно движење наместо да употребат збор.<br>•Учениците во мали групи си делат меѓу себе однапред подготвени картички со емотикони (лутина, радост, тага, страв, љубов), ги идентификуваат емоциите, ги имитираат изразите на лицето и зборуваат за ситуации кога се чувствувале така).<br>•Игра „ Пантомима“ – Погоди што правам?<br>Секој ученик смислува одредено движење и го покажува, но не смее да користи вербален говор. Другите ученици погодуваат. Детето кое прво ќе погоди ја продолжува активноста. | (лутина, радост, тага, страв, љубов | работа во група<br><br>Користи гестикулации и мимика како дополнување и/или замена за вербална комуникација<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставно подрачје : ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ** | Време на реализација 50 часа |
| **Изготвиле:** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |
| **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**<br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>✓ чита зборови, реченици и кратки текстови со разбирање;<br>✓ пишува зборови и куси реченици. | |

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | час | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање – 1**<br><br>збор<br>буква,<br>глас | Препознава (чита) зборови според дадена илустрација. | 1 | •Учениците „читаат“ зборови истакнати на предмети во училницата од претходно изучени поими (табла, шкаф, прозорец, глобус, врата, часовник и сл).<br>- (со препознавање) амбалажи од различни производи (за млеко, вода, чоколадо)<br>•Наставникот преку презентација покажува слики, учениците именуваат што гледаат на сликата, а потоа наставникот под сликата наставникот го истакнува и зборот. Учениците се насочуваат да ги запомнат кратките зборови.<br>На табла се истакнуваат сликите, а учениците треба да направат парови- слика со збор<br>Во литературното катче се истакнуваат сликите со зборовите.<br>•Активности во тетратка/работен лист или учебник стр. 35, 51 | Предмети од училница<br><br>Картички со зборови<br><br>Учебник<br><br>Работен лист<br><br>Тетратка<br><br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава (чита) зборови според дадена илустрација |
| | Препознава нова буква во состав на збор/реченица. | 1 | •Преку постер хорово се кажуваат буквите од азбуката(проверка на предзнаењата на учениците за буквите)<br>Се истакнуваат картички со зборови, а учениците се искажуваат кои букви им се познати, а која им е непозната буква. Преку изговор на зборот ја препознаваат и таа буква(пр.банана)<br>•Учениците (поделени во групи) со редење картички/капачиња на | Постер со азбука<br>Картички со зборови<br>картички/ капачиња со | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава нова буква во состав на збор/ |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | кои се напишани различни букви составуваат зборови/кратка реченица. Се читаат зборовите од секоја група. | букви<br>Тетратка | реченица. |
| | Ги препознава симболите на гласовите и ги поврзува со зборови (поим за буква).<br><br>Препознава нова буква.<br><br>Поврзува буква со глас | 2 | •Наставникот ги повикува учениците да се групираат според првата буква од нивното име( претходно се подготвени картичките со почетните букви бидејќи ги знае имињата на своите ученици<br>Поставува прашање:<br>• На кои ученици оваа буква им е почетна во името?(пр. ја покажува картичката со буквата В и се јауваат учениците кои ги кажуваат своите имиња.)<br>•Учениците се запознаваат со поимот глас- буква<br>Секој глас има свој симбол(гласот го изговараме, буквата ја запишуваме).<br>Вежбамење изговор на гласовите и препознавање на соодветната буква на постер.(препознавање на гласовите на различни позиции во зборот) | Постер со азбука<br>Картички со зборови<br><br>картички/ капачиња со букви<br>Тетратка<br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава буква и ја поврзува со соодветниот Глас<br><br>Практични активности во група/пар |
| **Почетно пишување**<br><br>печатни букви, мали букви, големи букви, точка, прашалник, извичник, азбука | Пишува линии кои претставуваат елементи на буквите. | 5 | • Учениците преку слика пронаоѓаат разни видови на линии и ја увежбува графомоториката преку доцртување и цртање на линии<br>•Активности во работен лист или учебник стр. 23, 25, 26, 27,28, 2930, 31, 32, 33, 38, 40, 41, 42, 43.<br>• Учениците во тетратка без линии/за почетно пишување пишуваат различни видови на линиии кои ги содржат буквите(права исправена, права легната, коса линија во лево, коса во десно, лев и десен полукруг( голем и мал) и сл.<br>•За време на *слободни изборни активности или продолжен престој* учениците со помош на пластелин, тесто, волница, еластични стапчиња ги изработуваат буквите кои се содржат во нивното име и го „пишуваат“ името. | Работни листови/гра-фомоторика<br><br>Тетратка без линии/ почетно пишување<br><br>учебник | Усни оодговори<br><br>Пишува линии кои претставуваат елементи на буквите. |
| | Пишува печатни букви (мали и големи).<br><br>Пишува едноставни зборови. | 22 | • Преку гатанки/кратки песни се открива новата буква<br>**Пр.** А е буква прва и многу е лична, големата на малата воопшто не е слична)<br>Учениците следат демонстрација на пишување на голема и мала печатна буква и повзување на буквите во кратки зборови и реченици. Самостојно пишуваат во тетратка за почетно пишување /работен лист/учебник. | Книга со песни/гатанки<br><br>Тетратка за почетно пишување | Усни одговори на прашања<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно пишување**<br><br>печатни букви, мали букви, големи букви, точка, прашалник, извичник, азбука | Пишува кратки реченици, користејќи голема буква и интерпункциски знаци (точка, извичник и прашалник). | | •Учениците (во мали групи) составуваат зборови од картички на кои се напишани изучените букви. Составените зборови секој ученик самостојно ги пишува во тетратка.<br>• Учениците во работен лист решаваат крстозбор во кој барањата се поставуваат преку илустрации, а се пополнува со пишување едноставни зборови. Од збоорвите составуваат кратки реченици.<br>• Учениците користат детски компјутер за пишување букви и кратки зборови.<br>Пишуваат кратки збоорви по диктат.<br>Учениците препишуваат реченици, од наставен лист или табла, составени од зборови од изучените букви.<br>• Наставникот диктира кратки реченици составени од зборови од изучените букви. | картички со букви<br>работен лист<br><br>компјутер | оценување-пишува големи и мали букви<br><br>Пишува едноставни зборови и кратки реченици |
| | Пишува кратки реченици, користејќи голема буква и **интерпункциски знаци (точка, извичник и прашалник).** | 4 | •Учениците се запознаваат со расказни реченици- започнуваат со голема буква и завршуваат на точка.<br>•Препишуваат кратки расказни реченици.<br>•Самостојно пишуваат кратки расказни реченици.<br><br>Учениците се запознаваат со прашални реченици- започнуваат со голема буква и завршуваат на прашалник.<br>•Препишуваат кратки прашални реченици.<br>•Самостојно пишуваат кратки прашални реченици.<br><br>Учениците се запознаваат со извични реченици- започнуваат со голема буква и завршуваат на извичник.<br>•Препишуваат кратки извични реченици.<br>•Самостојно пишуваат/читаат кратки извични  реченици.<br><br>Користат картички со точка, со прашалник и со извичник за да означат каква е реченицата која им ја чита наставникот.<br>Потоа  истите реченици  наставникот ги диктира, а учениците  ги пишуваат во тетратките, користејќи ги соодветните интерпункциски  знаци. | Учебник<br><br>Работен лист<br><br>Тетратака за почетно пишување<br><br>Компјутер<br><br>Бела табла<br><br>проектор | Усни одговори на прашања<br><br>Пишува кратки реченици со почитување на голема буква и интерпункци-ски знаци (точка, извичник и прашалник). |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** – 2. | Чита зборови, реченици, текстови напишани со изучените букви.<br><br>Одговара на едноставни прашања во врска со прочитан текст. | 12 | •Учениците по обработка на секоја буква вежбаат читање на текстови со изучените букви(од учебник или подотвени од наставник)<br>•Читаат самостојно краток текст и одговараат на прашањасо целосни реченици. | Учебник<br><br>Работен лист<br>Учебник<br>Работен лист | Усни одговори<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |
| | Поставува прашања во врска со прочитаниот текст | 2 | •Учениците читаат краток текст и самостојно поставуваат прашања за него. | | |
| Оценување на наученото | | 1 | | Работен лсит | Усни одговори (читање)<br>Работен лист (пишување) |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК  ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставно подрачје :  ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | Време на реализација  50 часа |
| **Изготвиле:**    Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ прераскажува со свои зборови  кус литературен текст кој го слушнал/слушнала и/или прочитал/прочитала;
- ✓ чита кус литературен текст со разбирање;
- ✓ обработува кус литературен текст преку ликовите, редоследот на настаните, местото и времето на одвивање;
- ✓ креира крај на приказна или приказна според даден настан.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | час | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литературен текст/творба**<br><br>народна приказна, раказ, басна, бајка, драмски текст, стихотворба. | Идентификува **народна приказна,** расказ, басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање).<br><br>Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања. | 4 | •Наставникот пушта видеозапис од народна приказна (да внимава да биде без насилство и без родови и/или етнички стереотипи).<br>•Учениците гледаат, а  потоа се разговара за содржината на приказната. Учениците ги идентификуваат ликовите, ги опишуваат настаните по редоследот на случување и го определуваат времето и местото на случувањето.<br>•Предлог приказни од следниот линк:<br>https://www.youtube.com/channel/UC8yukpBAfgmpCtQOTV9BO-w<br>Учениците внимателно слушаат народна приказна.(избор на наставник - може да е македонска народна приказна или од други народи)<br>Се искажуваат по прашања за место, време, ликови и главен настан.<br>•На хартиена коцка се испишани прашални зборови- Кој/и? Каде? Кога? Како? Зошто? Дали?<br>Еден ученик ја фрла коцката и со прашалното зборче кое ќе падни | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници<br><br>Хартиена коцка<br><br>Учебник<br><br>Работен лист | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува народна приказна<br><br>Прераскажува приказна со помош на прашања<br><br>Учество во групни |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литературен текст/творба**<br><br>народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст, стихотворба. | | | се поставува прашање за прикажаната?<br>•*Избор на народни приказни -Учебник за 1 одд - Ј. Д. Диздаревиќ и Учебник за 1 одд од повеќе автори - Е. Стрезовска и др).*<br>• Народна приказна„ Мравката в училиште“- стр.15<br>• Народна приказна„ Лакомиот крт Чипсо“- стр.17<br>• Народна приказна- „Трите мравки“- стр. 128 | тетратка | активности |
| | Идентификува народна приказна, расказ, басна, **бајка,** драмски текст и стихотворба (по слушање).<br><br>Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања. | 4 | •Учениците се насочуваат на внимателно слушање на бајка (аудиозапис, видеозапис или читање од наставник).<br>*Избор на бајки*<br>• Црвенкапа<br>https://www.youtube.com/watch?v=NqL-6j6cwYA&t=3s<br>https://www.youtube.com/watch?v=I0aP80MCX_8<br>• Снежана<br>https://www.youtube.com/watch?v=0g_PP8uHxd4<br>• Волкот и седумте јариња<br>https://www.youtube.com/watch?v=R9VrtetufT4<br>• Трите прасиња и сл.<br>https://www.youtube.com/watch?v=q6PPyHm-H4Y<br>• Златокоса и трите мечки и сл.<br>https://www.youtube.com/watch?v=loczR3f62FM<br>•Учениците преку прашања се искажуваат за содржината, ги опишуваат ликовите и настаните (кои се измислени, а кои реални).<br>•Учениците добиваат серија слики и треба да ги подредат по редослед според содржината на бајката. Ја прераскажуваат содржината на бајката | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници<br><br>Книга со бајки<br><br>Учебник<br><br>Работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува бајка<br><br>Прераскажува бајка со помош на прашања<br><br>Учество во групни активности |
| | Идентификува народна приказна, **расказ,** басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање). | 6 | •Наставникот чита расказ, а учениците, преку одговарање на прашања:<br>• определуваат почеток, средиш и завршниот дел на текстот.<br>• се искажуваат за ликови и нивни постапки<br>• го прераскажуваат текстот, следејќи го редоследот на настаните.<br>•*Избор на раскази -Учебник за 1 одд - Ј. Д. Диздаревиќ и Учебник за 1 одд од повеќе автори - Е. Стрезовска и др.) и од други книги соосвдтени на возраста на учениците.* | Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла<br>Звучници<br><br>Книга со раскази<br><br>Учебник | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува Расказ<br><br>Прераскажува расказ со помош на |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литературен текст/творба**<br><br>народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст, стихотворба. | Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања. | | | Работен лист<br><br>тетратка | прашања<br>Учество во групни активности |
| | Идентификува народна приказна, расказ, **басна,** бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање).<br><br>Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања. | 4 | •Наставникот чита текст на басна.(проследено со иcлустрации од басната)<br>*Предлог басни за обработка(Езоп, Толстој, Крилов...)*<br>• „Лав и глушец“ – Л. Толстој-стр. 134 - играме улоги<br>• „ Гавранот и лисицата“- -Езоп-стр. 60,<br>• „Лакомото глувче“-стр 104<br>• „Мачорот и глувчето“-стр 104(довршување на текст<br>•Учениците ја прераскажуваат содржината на баснатa.<br>•Учениците прават драматизација на баснатa.<br>Илустрација/ боење на слики од басна- подредување на слики по редослед на настани | Компјутер<br><br>Проектор<br>Бела табла<br>Звучници<br><br>Книга со басни<br><br>Учебник<br><br>Работен лист тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува басна<br><br>Препознава содржина на басна.<br><br>Учество во групни активности |
| | Идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, **драмски текст** и стихотворба (по слушање).<br><br>Прераскажува содржина на слушнат кус литературен текст со помош на прашања. | 5 | •Наставникот чита кратка драмска едночинка.<br>•*Предлог драмски текстови за обработка*<br>• „Кој има заби“<br>• „Скриено гнездо“<br>• „Чорапите на Медо“<br>• „ Во зеленчукова градина“ – стр. 31<br>• „ Огледалце“<br>• „ Волшебниот збор<br>• Драмски текстови за одбележување празници( Нова година, 8 Март, ден на екологија и сл)<br>•Секој ученик црта една сцена од едночинката во која илустрира дијалог меѓу два лика (на пример, во облачиња како во стрип).<br>Се совладуваат драмски улоги со увежбување на правилна артикулација и дикција, користење на вербален и невербален говор и сл. | Компјутер<br><br>Проектор<br>Бела табла<br>Звучници<br><br>Книга со басни<br><br>Учебник<br><br>Работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува драмски текст<br><br>Препознава содржина на басна.<br><br>Учество во групни активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литературен текст/творба**<br><br>народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст, стихотворба. | | | •Драмските текстови може да се увежбуваат за време на слободни изборни активности или продолжен престој). | | |
| | Идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање). | 1 | •Наставникот чита приказна, расказ, басна, бајка и стихотворба и заедно со учениците се објаснува разликата меѓу нив.<br>•Учениците следат куси литературни текстови од народната и уметничката книжевност за деца преку читање од наставникот или преку аудиоснимка/видеоснимка. Во мали групи разговараат за тоа дали слушнале приказна, расказ, басна, бајка или стихотворба.<br>*Квиз активност:* **Погодуваме за каков текст станува збор**<br>Учениците во групи имаат картички со зборови- бајка, басна, расказ, песна, драмски текст, народна приказна. Се договоараат во група која картичка да ја подигнат. | Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла<br>Звучници<br>Работен лист<br>Картички со зборови | Усни одговори на прашања<br>Идентификува за каков вид на текст се работи<br>Одговори на квиз |
| | Прераскажува содржина на прочитан кус литературен текст со свои зборови. | 2 | •Учениците следат насоки за читање и прераскажување на кус текст со свои зборови.<br>Може да се прераскажува претходно обработен текст,басна, расказ<br>•Учениците добиваат задача во домашни услови да прочитаат одреден текст. На час усно со свои зборови го прераскажуваат.<br>•Учениците може да прераскажуваат со свои зборови и приказна по слики. Пр. „Гавранот и лисицата“ - стр. 61 | Учебник<br>Тетратка<br>Работен лист | Усни одговори на прашања<br>Прераскажува содржина на прочитан кус литературен текст со свои зборови. |
| | Препознава и издвојува зборови кои се римуваат во стихотворби.<br><br>Репродуцира стихотворби | 10 | •Наставникот изразно чита стихотворба со рима. Откако ќе ја продискутираат нејзината содржина, повеќекратно ја повторуваат дел по дел (наставникот заедно со учениците) со цел учениците да ја запомнат и самите да ја репродуцираат во целина.<br>•*Избор на песни(Учебник за 1 одд- Ј.Д.Диздаревиќ и Учебник за 1 одд од повеќе автори- Е. Стрезовска и др.автори), избор на песни од други македонски автори(зависно од содржините поврзани со важни денови и настани- патронен празник, ден на екологија, државен празник, 8 Март, Нова година, месеци, годишни времиња и сл)*<br>• „Првачe“-Р. Јовчевски стр. 11 | Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла<br>Звучници<br>Работен лист<br>Учебник | Усни одговори на прашања<br>Препознава рима во песна<br>Репродуцира стихотворби |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литературен текст/творба**<br><br>народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст, стихотворба. | | | • „Прваче“ -стр.11, 12<br>• „ Есенско овошје“-стр.34<br>• „Круша“- П.М Андреевски- стр. 22(есенски плодови)<br>• „ Што има есента“Ц. Андреевски - стр.21<br>• „Дождовни капки“- Р. Давчевски- стр.24<br>• „ На кого личам“- стр. 56<br>• „Зимси радости“-стр. 47<br>• „ Дојди Нова годино“-стр.67<br>• „ Весници на пролетта“- стр. 69<br>• „Другарство“- В. Куновски-стр. 57-<br>• „ Се што расте“ -стр.133<br>• „Кокиче“-стр.136<br>• „Дрен“ -С. Тарапуза-стр. 136<br>• „ На крајот“- С.Тарапуза-стр. 144<br>• „Летен распуст“- В. Куновски-стр. 146<br>Учениците креираат рими по аналогија на слушната стихотворба на часот. **Пр.** Дополни ја стихотворбата(стр. 80- Малата Рада) | Тетратка<br><br>Книга со песни | |
| **Редослед на настаните во текст.** | Препознава почеток, средишен и завршен дел од слушнат литературен текст.<br><br>Прераскажува кус литературен текст, почитувајќи го редоследот на настаните. | 2 | •Наставникот чита расказ, а учениците, преку одговарање на прашања:<br>• определуваат почеток, средиш и завршниот дел на текстот.<br>• се искажуваат за ликови и нивни постапки<br>• го прераскажуваат текстот, следејќи го редоследот на настаните.<br>•Учениицте се поделени во тријади. Добиваат три делови од текст, секој ученик го чита делот и заедно треба да определат кој е почеток, кој средишен, акој кој завршен дел на текстот.<br><br>•Ги поврзуваат/лепат деловите во една целипа- Гердан на приказната. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Звучници<br><br>Учебник<br><br>Работен лист<br><br>Тетратка лепило | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава почеток, средишен и завршен дел од расказ и го прераскажува со почитување на редоследот на настаните.<br><br>Учество во групни |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | активности |
| | Опишува настан по дадени илустрации. | 4 | •Наставникот чита три реченици како почеток на опис на настан. Учениците го довршуваат описот на настанот со свои зборови<br>***Предлог активности од учебник за прво одделение***<br>• Прошетка- стр. 34<br>• Се грижиме за природата- стр. 37<br>• Ежот и козата- стр. 39<br>• Крадач на носови- стр. 48<br>• Малиот рибар- стр. 80<br>• Ена и ранетото име- стр. 91<br>• Кума Лиска и телевизорот-стр. 97<br>• Говорна вежба- стр.103<br>• Дедото и двете мечиња- стр. 117<br>• Штурецот и мравките- стр.135<br>***Говор во слики, зборови и игри- О. Синадиновска***<br>• Најубавото јаболко- стр. 22-Трите мечиња<br>• Трите мечиња- стр. 38 | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Учебник<br><br>Работен лист<br><br>Тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Опишува насан со помош на иалустрации<br><br>Учество во групни активности |
| | Смислува крај на недовршен текст. | 2 | •Наставникот чита краток расказ, без завршетокот. Секој ученик смислува крај на расказот.<br>*Предолг текстови за реализација на стандардот:*<br>• Британска народна приказна„Златокоса и трите мечиња-стр. 65(довршување на крај на приказна)<br>• „Мачорот и глувчето“-стр 104(довршување на текст) | Работен лист<br><br>Тетертака<br><br>Учебник | Усни одговори на прашања<br><br>Смислува крај на недовршен текст. |
| | Смислува нов крај на прочитан литературен текст. | 2 | •Учениците слушаат/читаат краток текст. Одговараат на прашања дали им се допаѓа крајот на текстот.<br>• Што би сакале да промените?<br>Учениците добиваат насоки да го променат крајот на тексто(усно или писмено)<br>Предлог текст - Народна приказна- „Песот и куќата“ -стр. 131 | Работен лист<br><br>Тетертака<br><br>Учебник | Усни одговори на прашања<br><br>Смислува нов крај на прочитан текст. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лик, време, место во текст**. | Одредува место и време на случувањата во литературниот текст.<br><br>Идентификува ликови во литературниот текст. | 2 | •Наставникот чита кус литературен текст, а потоа води разговор со учениците за времето кога се одвива настанот. Учениците ги идентификуваат зборовите кои го означуваат времето (било ноќ, ден, месец мај).<br><br>•Наставникот чита кус литературен текст, а учениците слушаат со затворени очи, замислувајќи си ги ликовите. Потоа ги опишуваат со зборови и ги цртаат. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Учебник<br><br>Работен лист<br><br>Тетратка<br><br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува место и време на настани  во текст.<br>Идентификува ликови во текст.<br><br>Учество во групни активности |
| | Идентификува ликови во литературниот текст.<br><br>Опишува ситуации од секојдневниот живот кои соодветствуваат на постапките на ликовите од литературниот текст. | 2 | •Наставникот избира текст соодветен за анализа на ликови. Учениците ги анализираат постапките на ликовите.<br>•Се насочуваат да опиишат ситуации од секојдневниот живот кои соодветствуваат на постапките на ликовите од литературниот текст.<br><br>• Случки со сообраќај и почитување/непочитување на сообраќајни правила<br>• Грижа/ негрижа за животната средина<br>• Безбеден.непезбеден простр з аигра и сл. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Учебник<br><br>Работен лист<br><br>Тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Практични изведби поврзани со стандарди за оценување<br><br>Учество во групни активности |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАТЕМАТИКА ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставно подрачје : МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА** | Време на реализација 10 часа |
| **Изготвиле:** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |
| **<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**<br>**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**<br>✓ издвојува информации од различни видови медиуми со помош на наставникот;<br>✓ ја разбере содржината на гледана театарска претстава за деца и/или куклена претстава. | |

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | час | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
|  | | | **Предог - часови за реализација на подрачјето**<br>Прирачник за наставници за I одделение<br>**Македонски институт за медиуми,**<br>**Биро за развој на образованието**<br>https://rb.gy/d5cex0 | | |
| **Информации од различни медиуми**<br><br>анимирани филмови, телевизиски и | Издвојува информации од слушнат текст по дадени насоки<br><br>**(текст од радиоемисија,** | | Дискусија за карактеристиките на радиото – како пренесува информации ( преку глас, звучни ефекти, музика).<br>Учениците одговараат на прашања:<br>• Кој од вашето семејство најчесто слуша радио?<br>• Дали вие слушате радио?<br>• Што најчесто слушате на радио (музика, реклами, радиоемисии...)?<br>• Каде слушате радио (дома, во автомобил...?) | Компјутер | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Издвојува информации од слушнат текст од |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| радиоемисии за деца,<br>списанија за деца<br><br>**Информации од различни медиуми**<br><br>анимирани филмови,<br>телевизиски и радиоемисии за деца,<br>списанија за деца | телевизиска реклама/ радиореклама, анимиран филм).<br><br>Издвојува информации од слушнат текст по дадени насоки<br><br>(**текст од радиоемисија,** телевизиска реклама/ **радиореклама,** анимиран филм). | 2 | Се запознаваат со значењето на радиото во минатото и прават споредба со неговата примена денес. Гледаат фотографии/ слајдови на кои се прикажани различни видови на радио(може да им пушти радиото и од радиокасетофон или преку интернет во училница)<br>Наставникот има подготвено вистински или импровизиран микрофон.<br>Ги запознава со улогата – водител на радиоемисија. Учениците следат насоки за внимателно слушање на приказна по избор на наставник.**Пр**.„Заспаната убавица“ (<br>Учениците треба да ги замислуваат сцените од приказната за да можат да одговараат на прашања како ја доживеале приказната само со слушање(дали сами создале визуелна претстава на настаните)<br>Наставникот како водител треба да нагласува одредени делови(имитира звукот на ветерот, на невремето, удирањето на прозорците кога доаѓа лошата вила итн.<br>Учениците се искажуваат како ја доживеале приказната слушајќи ја на импровизирано радио.<br><br>•Учениците се насочуваат на внимателно слушање на радиореклама – најава за радиотеатар за деца. Се поведува дискусија низ прашања за тоа што го слушнаа на радиорекламата.<br>•Изведување на заклучок за карактеристики на радиореклама: кратка, најава на радиоемисии, радио канал, време-ден и час.<br>•Учениците се запознаваат со поимот радиодрама .<br>Радио драма (драмски текст или приказна која се емитува на радио, слушателите не можат да гледат слика, сликата се замислува според дијалогот меѓу ликовите, музиката и звучните ефекти<br>•Учениците се насочуваат на внимателно слушање на радиодрама. | Звучници<br><br>Радиокасетофон<br><br>Микрофон<br><br>Импровизиран микрофон | радио-реклама и радиоемисија за деца<br><br>Учество во изведување заклучоци за радиоемеисија и радиореклама |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Со СТОП техника се прави пауза при слушањето за да се провери колку учениците разбрале од слушаниот дел од радиодрамата и се поставуваат прашања.<br>•Учениците донесуваат заклучок за разликите меѓу радио и телевизиска емисија.<br>•*Меѓупредметна интеграција* со наставен предмет Ликовно образование - илустративно претставување на ликовите од радиодрамата по сопствена замисла. | | |
| | Издвојува информации од слушнат текст по дадени насоки<br><br>(текст од радиоемисија, телевизиска реклама/ радиореклама, анимиран филм). | 2 | Дискусија со учениците по прашања колку и што следат на ТВ екраните.<br>Изведување заклучоци за телевизијата како медиум<br>**Активност:Правиме ТВ-приемник**<br>(*оваа активност може да биде реализирана за време на слободни изборни активности или во продолжен пестој-изработка на ТВ приемник-групи активности)*<br>Учениците во групи имаат задача да направат ТВ-приемник од празни картонски кутии, кои претходно се делумно подготвени од наставник да изгледаат како ТВ. Учениците додаваат копчиња, изработуваат далечински управувач и цртаат лого на нивната телевизија.<br>**Активност- Емитуваме вести**<br>ТВ-приемникот што учениците го направија, ќе биде искористен за емитување вести. Секоја група треба да смисли име за својата ТВ-станица и да одбере претставник што ќе биде презентер на нивните вести. Другите ученици се публика.<br>Со помош на наставникот учениците треба да состават една кратка вест од неколку реченици што ќе ја презентираат усно.<br>Презентирање од учениците -Учениците може да одговорат на едно до две од поставените прашања со цел да ја | Картонски кутии<br><br>Боички<br><br>Лепило<br><br>Ножици | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Издвојува информации од слушнат текст по дадени насоки<br><br>(текст од радиоемисија, **телевизиска реклама**/ радиореклама, анимиран филм). | | презентираат веста.<br>Учениците што биле публика низ дискусија треба да одговорат на неколку прашања што ги поставува наставникот, поврзани со секоја вест посебно:<br>• Што беше најважно во секоја од вестите што ги чувте?<br>• Зошто ова е најважно?<br>• Дали би додале уште некоја информација од веста што ја презентираа вашите соученици? | | |
| | | | •Учениците гледаат видеореклама од даден линк, но со исклучен звук( гледаат, но не можат да слушнат што се зборува).<br>•Одговараат на поставени прашања од наставник во врска со видеото.<br>Го следат повторно видеото , но сега со слика и тон (звук).<br>Се искажуваат за слушнатиот текст по поставени прашања од наставникот<br>•Учениците се запознаваат со поимот <u>телевизиска реклама</u> .<br>И се извлекува заклучок која е целта на рекламата(привлекување внимание, интерес за да се | проектор<br><br>Компјутер – интернет врска<br><br>Звучници<br><br>сложувалки<br><br>лепило | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Издвојува информации од слушнат текст од телевизиска реклама |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | продаде).<br>•Учениците во групи составуваат сложувалка со слики од некои телевизиски реклами.(подготвени од наставник)<br>•Презентирање на сложувалката и изведување заклучоци. | А4 лист или блок лист | Активно учество во групни активности<br><br>Изведува заклучок за значењето на рекламата |
| | Издвојува информации од слушнат текст по дадени насоки<br><br>(текст од радиоемисија, телевизиска реклама/ радиореклама, **анимиран филм**). | 1 | Игра со топка- Мојот омилен херој/хероина (некој лик од филмовите/цртаните филмови, од книги и сликовници што им ги прочитале)<br>Учениците се седнати во круг. Подаваат топка еден на друг и секој штом добие топка, треба да каже кој херој/хероина би сакал да биде.<br>Наставникот ги зпаишува имињата на таблатаа, потоа им ги поставува следните прашања на учениците:<br>• Зошто сакаме да бидеме како тој лик?<br>• Што го прави тој лик (мојот херој) посебен? Какви особини има тој?<br>• Кои особини/моќи што ги има твојот херој, би сакал и ти да ги имаш? Зошто?<br>Омилени цртани филмови<br>Наставникотпокажува неколку фотографии или инсерти од анимирани серии на интернет, што се популарни кај децата на оваа возраст. Потоа учениците поделени во групи избираат една од приказните по што и групата ќе го добие името, на пример: Рипката Немо. Учениците во секоја група дискутираат за приказната по следните прашања што им ги посочува наставникот:<br>Еден ученик од секоја група треба да раскаже некоја епизода од нивната омилена серија.Потоа наставникот развива дискусија со тоа што ги поттикнува учениците да размислуваат за следните прашања: | Лесна топка<br><br>Фотографии<br><br>Компјутер<br><br>Бела табла<br><br>Преоктор<br><br>звучници | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Издвојува информации од слушнат текст анимиран филм<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Учество во изведување заклучоци за анимирани филмови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Дали тоа што го гледале може да се случи во реалноста или само во анимирана серија?<br>• Дали постојат работи што не може да се случат во реалниот живот? Зошто?<br>Изведување заклучоци за значењето на анимираните филмови и какви пораки носат. | | |
| | Издвојува информации од пишан текст по дадени насоки<br><br>(од брошура, реклама од весник/билборд, списание за деца, текст преземен од интернет). | 1 | •Учениците разгледуваат плакат за фестивал за деца, постер за изложба на детски цртежи, рекламно пано, билборд, билет за некоја претстава, а потоа разговараат за информациите кои ги забележуваат на нив.<br>•Се поведува дискусија за содржината(поими), формата, бојата, илустрациите на плакатот/постерот/билбордот.<br>•Наставникот објаснува дека преку постерот се рекламира настан (аудиција) и добиваме известување кога и каде ќе се одржи. Но, ни недостигаат конкретни насоки(упатство) како тоа да го направиме.<br>*Меѓупредметна интеграција* со наставен предмет Ликовно образование- изработка на постер(приредба за Нова година, 8 Март) со сечење и лепење | Презентација<br><br>плакат за фестивал за деца, постер за изложба на детски цртежи, рекламно пано, билборд, билет за некоја претстава<br><br>ножици<br><br>лепило<br><br>слики | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Издвојува информации од брошура, постер, билборд по дадени насоки<br><br>Изведува заклучок за значењето на информациите кои се добиваат од медиумските пораки |
| | | 1 | •Учениците во парови/мали групи добиваат различни смисанија за деца- „Росица“, „Детски клик“, „Развигор“, „Другарче“, „Смешко“ и сл. Се запознаваат со поимот детско списание. Се искажуваат што содржи списанието и кои содржини намногу им привлекуваат внимание.<br>• Зошто?<br>•Наставникот по избор на учениците чита одредени содржини Учениците работат во детско списание во делот кој е за | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Детски списанија | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Издвојува информации од детски списанија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | цртање, обојување, поврзување. Сечење, лепење и сл.<br><br>По насоки сечат различни делови од списанија и изработуваат постер- Нашиот избор од детското списание | | Изведува заклучок за значењето на содржините за развивање на интерес за читање и пишување |
| **Културни настани**<br><br>(театарска претстава за деца, куклена претстава). | Ја раскажува содржината на претставата по дадени прашања. | 2 | •Учениците организирано гледаат театарска претстава на интернет или во детски театар/куклен театар.<br>Учениците седнати во круг низ прашања разговараат за гледата претстава:<br>• Како се викаше претставата?<br>• Дали знаете кој е автор/кој го напишал текстот?<br>• Што ви се допадна во претставата?<br>•Работа преку техника „коцка“ Учениците следат слика/постер од гледаната претстава и коцка што наставникот/наставничката ја подготвил пред часот. Коцката на секоја од своите шест страни има едно прашање. Секој ученик по ред ја фрла коцката и во зависност од тоа кое прашања ќе падне на коцката, ќе треба да даде соодветен одговор:<br>1. Раскажи за што беше претставата – За што беше претставата, што запомни од претставата?<br>2. Опиши ја сцената – Како изгледаше сцената, какви предмети имаше и во какви бои беше?<br>3. Опиши ги ликовите – Кои беа ликовите во претставата? Кои беа добри, кои лоши, смешни...?<br>4. Спореди со цртан филм – Што е различно меѓу претстава и цртан филм? Што повеќе ти се допаѓа – театарската претстава или цртаниот филм?<br>5. Поврзи со ликови што ги знаеш – Дали некој лик од претставата ве потсетува на некој друг лик од реалноста или | претходно изработена коцка<br><br>проектор /паметна табла. | Усни одговори на прашања<br><br>Ја раскажува содржината на претставата по дадени прашања<br><br>Учество во групни активности<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од цртан филм?<br>6. Примени Дали ви се допадна крајот на приказната? Ако не – како би го смениле?<br>•Секое дете избира омилен лик од претставата, го црта, бои. Искажува една особина поради која го избрал/а токму овој лик (на пр. добар, храбар, смешен, бесен, лут итн.). | | |
| | | 1 | •Претходна подготовка- (материјали од кои учениците треба да изработат маски од ликовите). Поделени во неколку групи, заеднички ќе треба да ги направат главните ликови од претставата. Секоја група ќе има задача да подготви различен лик, да го нацрта на хамер, да го обои и да го исече и со селотејп да го залепи за пластична цевка за сок или стапче.<br>Играње претстава - По еден ученик од секоја група учествува во претставата, а еден е раскажувач (наратор), додека другите ученици се публика. Заедно со своите изработени ликови, глумците и раскажувачот се обидуваат да ја репродуцираат претставата онака како што ја запомниле.<br>Потоа, учениците во групата ги „менуваат“ улогите. Секој треба да биде во улогата на глумец/актер и на раскажувач.<br>Разговор за претставата (реализација 5 минути)<br>Дискусија за изведбите -<br>• Што најмногу ви се допадна во претставата? Зошто?<br>• Што сметате дека недостасува, што би вклучиле вие во претставата?<br>• Што нè учи оваа претстава?<br>• Какви чувства имавте додека ја гледавте (тажни, весели, страшни...)?<br>• Какви чувства имаа оние што ја изведуваа (дали беа нервозни, исплашени, радосни...)? | дрвени стапчиња<br>цевки за сок<br>прибор за цртање<br>боење;<br>хартии<br>хамер;<br>селотејп. | Усни одговори на прашања<br><br>Ја раскажува содржината на претставата по дадени прашања<br><br>Учество во групни активности<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

resursi.literatura.mk